РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-137/6
15-06-2021

Врз основа на член 17 став 1 точка 10, член 22, член 23 став 1 и член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на првото продолжение на 49-тата седница одржано на ден 08.06.2021 година донесе

**ОДЛУКА**

Постапката за проверка на податоците за имотната состојба од анкетниот лист на ___________, поднесен по престанок на функцијата Министер за ______________ во Владата на Република Македонија, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема елементи за натамошно постапување по предметот број 08-4298/1 од 16.09.2019 година.

Предметот со број 08-4298/1 од 16.09.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот број 08-4298/1 од 16.09.2019 година е оформен по сопствена иницијатива, согаслно Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2019 година.

Во согласност со Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2019 година, ДКСК оформи предмет за проверка на податоците за имотната состојба од анкетниот лист на ___________, поднесен по престанок на функцијата Министер за ___________ во Владата на Република Македонија.

ДКСК, со цел утврдување на фактичката состојба, за имотот на ______________ и за имотот на членовите на нејзиното семејство прибави податоци од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност и Централниот регистар на Република Северна Македонија.

ДКСК, по разгледување на прибавените податоци од надлежните институции и нивното споредување со податоците од анкетниот лист на _____________, поднесен по престанок на функцијата Министер за _________________ во Владата на Република Македонија, констатира дека нема елементи за нејзино натамошно надлежно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изготвил: А.Ч, рак.на одделение
Одобрил: Горан Трпеноски, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**м-р Шемши Салаи**